# CARRIERS OF THE ORGANIZED DRUG CRIME - ORGANIZED DRUG-GROUPS AND CRIMINAL NETWORKS

**Ljupco Todorovski**
Faculty of security – Skopje, ljupcoatodorovski@hotmail.com
**Ice Ilijevski**
Faculty of security – Skopje, iilijevski@hotmail.com

**Abstract:** In order to be developed a strategy for following the conditions with the drug criminal it is very important to have a reasoned knowledge about the criminal, and in what way is organized. It is indisputable that the big criminal organizations are moving the drug traffic. The revealing of their work is essential for closing the path of the drug, but on the other hand if the organizations are only participants at the free market, then the activities should be directed toward the market itself. Also, it is important to be said that the successful realization of certain number of operative acts against illegal trafficking and drug smuggling is result of increasingly efficient inter-institutional coordination and enhanced central strategic planning. This paper will give an overview of the organized drug-crime groups and networks regarding their placement and the way of acting. The general goal of the paper is to present the situation and the future perspectives of the drug crime in the Republic of Macedonia and the activities that are undertaken for its prevention. The danger of illegal drugs is huge since there is almost no reliable way of isolating it from the society. The illicit traffic of narcotic drugs and their smuggling, in all its features and characteristics (scope, dynamics, manner of execution, perfection of the methods used by the perpetrators), is a delicate matter with a high level of organization. The effective prevention of this type of crime implies an even higher degree of organized response.
**Keywords:** drug crime, criminal networks, organized crime, drugs.

# НОСИТЕЛИ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ НАРКОКРИМИНАЛ - ОРГАНИЗИРАНИ НАРКО-ГРУПИ И КРИМИНАЛНИ МРЕЖИ

**Љупчо Тодоровски**
Факултет за безбедност – Скопје, ljupcoatodorovski@hotmail.com
**Ице Илијевски**
Факултет за безбедност – Скопје, iilijevski@hotmail.com

**Резиме:** За да може да се развие стратегија за следење на состојбите со наркокриминалот значајно е да се располага со аргументирани сознанија за тоа, како е тој организиран. Неспорно е дека големи криминални организации ја движат трговијата со дрога. Разоткривањето на нивното работење е основно за запирање на патот на дрогата но, од друга страна, ако организациите се само учесници на слободниот пазар, тогаш, активностите треба да бидат насочени кон самиот пазар. За одбележување е и фактот дека, успешната реализација на одреден број оперативни дејствија против илегалната трговија и криумчарењето на дроги, е резултат на сè поефикасната меѓуинституционална координација и засиленото централно стратешко планирање. Во трудот ќе се даде осврт на организираните нарко-криминални групи и мрежи во однос на нивната поставеност и начин на дејствување. Генералната цел на трудот е да се прикажат состојбите и идните перспективи на наркокриминалот во Република Македонија и активностите кои се преземаат за негово спречување. Опасноста од нелегалните дроги е огромна, што речиси да не постои сигурен начин за нивна изолација од општеството. Недозволената трговија со наркотични дроги и нивното криумчарење, по сите нејзини обележја и карактеристики (обем, динамика, начин на извршување, перфидноста на методите што ги применуваат сторителите), претставува деликт со висок степен на организираност. Ефикасното спречување на овој вид криминал, подразбира уште повисок степен на организирано реагирање.
**Клучни зборови:** наркокриминал, криминални мрежи, организаиран криминал, дрога.

## 1. ВОВЕД

Криминалните организации на 21-от век се карактеризираат со висок степен на менливост и структурна комплексност и за разлика од познатите стереотипи, имаат различни форми, големини, мрежни структури и

групи. Механизмите на нивно дејствување воглавно се затскриени и недоволно истражени. Во последно време се бележи нивна трансформација, што во голема мера, е резултат на експлозијата на производството на дрога, како од природно, така и од синтетско потекло. Тие често функционираат како транснационални, со повремени локални бази. Флексибилноста и способноста на прилагодување на економските и политичките услови, прават тие да бидат функционално дифузни организации. Тие изнаоѓаат нови методи за шверц на дрогата, нови дестинации за нејзино складирање, претовар и транспорт, како и нови механизми за перење пари. Трговците со дрога стекнаа значајна моќ и богатство преку употреба на насилство, заплашување и корупција.

## 2. ОРГАНИЗИРАНИ НАРКО - КРИМИНАЛНИ ГРУПИ И МРЕЖИ

Организираните криминални групи и мрежите на криминалните структури се разликуваат меѓу себе[152]. Успешно организираните криминални групи најчесто се состојат од трајни јадра на клучни поединци околу кои постои кластер на: подредени, специјалисти, минливи членови и мрежа на еднократни соработници. Организираните криминалци често имаат "бизнис"-потреба од лица со одредени специјалности, вештини и знаења (хемичари, адвокати, сметководители, компјутерски експерти), од лица кои имаат пристап до одредени стоки и услуги (огнено оружје, лажни пасоши и др.), лица кои се заинтересирани за извршување на одредени специфични задачи (убиства, должнички спроведувања). Се користат поединци на еднократна основа или повремено, но има и т.н. "криминалци од кариера", кои даваат свои услуги на континуирана основа.

Одредени етнички криминални групи, при извршување на криминалните активности, се потпираат на доверливоста на членовите од исто семејство или етничка група, со цел нивните зделки да бидат посигурни. Меѓутоа, различните криминални активности бараат различни структури. Така, криминалците развиваат бројни корисни контакти, применуваат различни методи, стануваат пофлексибилни, но и повешти, поеластични и безбедносно посвесни. Иако криминалните контакти се суштински значајни, тие воедно претставуваат и ризик за криминалците. Имено, ако контакт- лицето не е добро проверено, истото може да биде ривал или поткажувач. Повеќето организирани криминални групи се справуваат со овие ризици работејќи воглавно со лица кои добро ги познаваат и имаат доверба во нив. Заедничката националност или етничката припадност, се диференцираат како важен сегмент во криминалните комуникации. Организираните криминални групи имаат потреба и од логистичка поддршка-транспорт, складирање, дистрибуција и продажба, „перење на пари“ од нелегални зделки, обезбедување на лажни документи и тн.

Од изнесеното може да се заклучи дека, диверзификацијата[153] на криминалните операции ја потврдуваат флексибилноста во комуникациите на криминалните структури. Овие криминални мрежи имаат структури, задачи, комплексност и време на траење, во зависност од потребата и конкретниот профит. Констатирана и потврдена е појавата, транснационалните организации да прават сојузи со локални криминални групи со цел, да се проценат нови територии како крајни дестинации или транзит-зони. Конкретно, станува збор за диверзификација на нарко-активности (трговија со различни дроги-појава која е актуелна во овој период), и диверзификација на лица (покрај вообичаените етнички врски, многу криминални групи во своите редови вклучуваат и лица од други етнички заедници и националности). За одбележување се случувањата на т.н. „бартер“аранжмани[154] за размена на стоки и услуги без платежни средства (на пр.: размена на хероин за синтетски дроги).

Во текот на 80-тите и 90-тите години на минатиот век т.н. "Балкански пат" на дрогата беше контролиран од страна на организирани криминални групи од Турција[155]. Во средината на 90-тите години на минатиот век, контролата врз криумчарењето на хероин го преземаа албански криминални групи, на што погодуваа повеќе случувања во регионот, како што беше конфликтот во земјите од поранешна Југославија, потоа колапсот на албанските пирамидални шеми во 1997 година како и конфликтот во Косово. Во еден подолг временски период, големи територии на кои живеат етнички Албанци, егзистираа без постоење на државен систем што овозможи зајакнување на криминалните организации. Криминалните организации на етничките Албанци успеаа да изградат криминални мрежи во цела Европа, а особено да завладеат со урбаните средини. Тие

[152] Лајман, Д.М., Потер, В.Г.,"*Организиран криминал*", Магор, Скопје, 2009, стр. 11-16
[153] Диверзификација" (лат. :diversificatio)- менување, различност, внесување на промени.
[154] EUROPOL,"*Organized Crime Report*" (Дефиниција за "бартер " аражман: чин на тргување со стоки и услуги меѓу две или повеќе страни без употреба на парични средства
[155] "*Organized Crime in the Western Balkan*", Departm of Political Scienc FSS MU, Faculty of Social Studies, Masaryk University, Czech Republic, 2008

успеаа да се етаблираат во повеќе земји од Европската унија како што се Австрија, Чешка, Словачка, Германија, Полска, Унгарија, Романија, Швајцарија, Велика Британија и Нордиските земји[156]. Криминалните групи на етничките Албанци, со тек на време, ја менуваа својата улога од помошници, до здобивање на целосна контрола врз одредени криминални подрачја. Тие се приспособуваат без проблем кон локалните промени на состојбите.[157]

Денешните релации меѓу одделни криминални групи, покажаа дека постои здружување помеѓу италијанските и албанските криминални групи и има сознанија за отфрлање на меѓусебното ривалство, што се манифестира преку партнерскиот однос[158]. Успехот на албанските банди се должи делумно на нивното "школување" во рамките на италијанската мафија со кои сега се во партнерство. Аналитичарите на сериозниот криминал сметаат дека, контактите помеѓу италијанските и албанските криминалци се започнати уште во раните 90-ти години од минатиот век., Италијанците, ги користеле Албанците да ја извршуваат нивната "валкана работа". Случувањата помеѓу италијанските и албанските криминални групи се типичен пример за промени и прагматичност. Отфрлањето на ривалството и на големата антипатија што постоеше помеѓу овие два типа на криминални структури, последните години условија нивно здружување во реализирањето на транснационални операции. Меѓутоа, иако Италија е поблиску до Албанија, проучувањата покажаа дека, постои поголема сличност во структурата и начинот на дејствување помеѓу албанските и руските криминални структури, отколку тие со италијанската мафија. Руските кланови, кои во принцип не се базираат на семејни врски, имаат, во однос на структурата, бескрупулозноста и насилството, многу сличности со албанските криминални семејства. Албанските и турските криминални групи, сè уште остануваат како најпознати во трговијата со хероин во рамки на Европската унија. Шверцот со хероин главно е во рацете на втората генерација Турци кои живеат во Германија и силно соработуваат со своите албански колеги во различни криминални шеми. Сојузот помеѓу албанските и турските криминални групи се должи, во голем дел, на историските, културни, верски и етнички врски, како и на албанската тенденција да се приклучат и да служат во поголемите етнички групи, кон кои чувствуваат некои афинитети.

Турските организирани криминални групи обично се хиерархиски поставени и хомогени, но со тек на годините тие формираат трајни партнерства со други организирани криминални групи во Европа. Голем број Турци кои се вклучени во трговијата со дрога во Европа, долги години живеат во земјите-домаќини, што им помага во развивањето на врски со други организирани криминални групи, како и активности во други криминални области, а не само во криминалот со дрога. Во оваа смисла, соработката меѓу турските и албанските групи се покажа особено корисна во искористувањето на големи сегменти на европскиот пазар, односно во многу различни полиња на нелегалниот бизнис. Диверзификацијата на турските операции исто така, има географски елемент, бидејќи во текот на изминатите неколку години, според сознанијата на Европол, зголемен е фокусот на поставување бизниси во Унгарија која се наоѓа во центарот на Европа и во близина на главните пазари- Германија, Италија и Полска. На ваквата состојба погодува помалку развиената структура за следење и превенција на организираниот криминал, што прави Унгарија да биде исклучително поволна дестинација за турски, албански и кинески групи.

Гледано од друг агол, очигледно е дека, терористичките и криминалните нарко-организации ги препознаа заедничките аспекти на нивните дејствувања и сличните тактики на „подземјето", што секако, стана услов за разбирање и доверба, но за краткорочни цели, како на пример, поддршка со високо софистицирани оружја и експлозиви од страна на транснационалните дилери и потпирање на меѓународно изградената инфраструктура (финансиска, комерцијална и инфраструктура во транспортот и комуникациите) што им обезбеди анонимност во бројни пристапни точки. Тоа здружување уште се нарекува „брак од интерес", односно поврзување поради зголемување на можностите за профит или од идеолошки цели[159]. Сознанијата од спроведените анализи на полициските акции ги потврдуваат состојбите каде се промовира размената на дрога и оружје во Западна Европа, и тоа, помеѓу криминалните групи и терористичките организации како што се на пример, IRA и ETA. Врските IRA-FARC вообичаено не вклучуваат директна размена на наркотици за оружје. Главниот приход на FARC потекнува од продажбата на наркотици. Исто така, доказите на полициските служби наведуваат на тоа дека, IRA е вклучена во комплексната врска во трговијата со оружје и дрога, што ја сочинуваат криминалните групи од Европа и нарко-терористите од Латинска

[156] Report on organized crime in Council of Europe member States, Council of EU, 1998
[157] "The threat from organized crime", Hague, EUROPOL, 2006
[158] Savona, E.U.,"*Mafia Money Laundering versus Italian Legislation*", European Journal on Criminal Policy and Research, September 1993
[159] "*Top Mafia Figures Get Life Sentences in Sicily*", The Hew York Times, 27 September 1997

Америка. Според ова сценарио, движењето на наркотиците од Латинска Америка до Европа, се поврзува со исплатата на IRA со дрога. Значајно е да се потенцира вклученоста на Балканот во овие активности. Овде, комплексноста на овие нелегални движења се гледа во размената на оружје преку хрватските криумчарски канали до IRA и обратно. Така на пример, докажана е исплатата на IRA во наркотици, од страна на нелегалните трговци со оружје од Хрватска (т.н. "Балканска мрежа"). Балканските патишта покажуваат висок степен на разноличност и флексибилност во однос на пратките дрога. Регионот во целост е подрачје од каде потекнуваат криминалните групи од албанско јазично подрачје, а кои се активни во недозволената трговијата од различен вид, што се реализира во земјите-членки на Европската унија. Констатиран е растечки тренд на користење на нелегална трговија на дел од т.н. „Балкански пат", каде е вклучена и Република Македонија, не само со традиционалниот хероин, туку во последно време, и со сé поголеми количини на кокаин. Но исто така, како новитет, се јавуваат и синтетските дроги кои сé повеќе се транспортираат од Холандија како епицентар, назад по Балканскиот пат, на пазарите во Турција.

## 3. НАРКОКРИМИНАЛОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И АКТИВНОСТИ ЗА НЕГОВО СПРЕЧУВАЊЕ

Појавата на сé посложени форми на трговија со дрога, нејзиното организирано транспортирање преку нашата земја, зголеменото присуство на истата на домашниот илегален пазар, понудата која се должи на повеќегодишната светска хиперпродукција (особено на дрогите од опиумски и канабиноиден тип) и порастот на бројот на корисници, доволно зборува за актуелноста на овој проблем. Дрогата и нејзината злоупотреба, треба да претставуваат предмет од посебен интерес и од причини што нашата земја се смета за транзитно подрачје низ кое поминуваат криумчарските канали од земјите од Југоисточна и Централна Азија, Средниот и Блискиот Исток, кон земјите на Западна Европа, коишто се најголеми потрошувачи речиси на сите видови опојни дроги и каде што се наоѓаат главните потрошувачки нарко-центри. Тенденцијата и можностите за манифестирање на наркоманијата во пошироки размери и со потешки последици, безрезервно ја наметнува потребата од обезбедување организираност на повисок степен и повисок степен на ефикасност во откривањето и попречувањето на оваа негативна појава. Констатација на Меѓународното биро за контрола на наркотици (INCB) е дека, сé почесто земјите од регионот служат како магацини за дрога, каде пристигнуваат големи пратки кои се складираат, а помали количини излегуваат надвор. Неодминлива е констатацијата дека и Македонија, во последниве години, стана земја на крајна дестинација на дрогите, каде што понудата и лесната достапност до нив услови воспоставување на национален нарко-пазар во кој доминира злоупотребата на хероин и марихуана.

Според годишните извештаи[160] за состојбата со дрогата во Република Македонија, се проценува дека, сé уште нема драстичен скок во однос на распространетоста и злоупотребата на наркотичните дроги како што е тоа на пример случај со некои држави на Запад, иако, секоја година се регистрираат сé поголем број нови зависници (годишно, околу 600 нови корисници на дрога). Прогнозата за претстојниот период е дека, поради порозноста на границите и порастот на бројот на регионални криумчарски групи, особено на бројот на криумчарски банди од етнички Албанци кои тргуваат со дрога, Македонија неминовно ќе се соочи со зголемен транзит на нелегални дроги, особено на дрогите од природно потекло (хероин, марихуана, хашиш). Имено, поради бројните родбински и пријателски врски, особено на албанските и турските државјани и можноста за нивно поврзување со наши граѓани, нашата држава веќе се смета за актуелна логистичка точка за трговијата со дрога, по должина на источно-западната врска помеѓу Бугарија и Албанија Дејствувањето на организираните криминални групи и поединци во Република Македонија остава траги особено во поголемите градски центри, но и во пограничните градови. Криумчарите го проучуваат пазарот и можностите за негово префрлање од една на друга локација, пронаоѓаат илегални канали за префрлање на дрогата и го проучуваат системот на работа на полицијата. Ако се тргне од тоа дека, начинот на организирање и прикривање на дрогата, нејзиното префрлање преку повеќе национални граници и структурата на сторителите, се обележја кои го карактеризираат современиот високо организиран шверц, тогаш тоа се главните причини што во изминативе години нашата држава буквално е преплавена со дроги чија вредност достигнува десетици милиони евра. Меѓутоа, треба да се истакне дека криминалните групи кои дејствуваат на локално ниво, иако често имаат спротивставени интереси, се поврзуваат заради остварување на поголеми профити и реализирање на поголеми криминални зафати. Организациските карактеристики на овие нарко - групи укажуваат на фактот дека се тоа стабилни организации со хиерархиска

[160] Извештаи од Националната фокусна точка (независно тело во рамки на Координативниот комитет за прашања со дроги при Владата на Република Македонија)

поставеност и комбинирана структура. Од друга страна, постоењето и дејствувањето на организираните меѓународни криминални групи за илегален шверц со наркотични дроги е уште еден фактор којшто влијае на развојот на наркокриминалот на нашето поднебје. Нивната големина и организираност се проценува врз основа на добиените податоци од реализираните заплени. Имено, додека малите заплени упатуваат на заклучок дека не станува збор за дејствување на голема организација, големите заплени се индикативни за добро организирани и опремени криминални групи. Групите кои можат да си дозволат инвестирање во поединечни пратки, вредни илјадници или милиони долари или евра, очигледно дека се големи и професионални. Обратно од тоа, со мала сума на капитал може да се транспортира дрога сокриена во вообичаен комерцијален транспорт, што значи дека, поголемиот број на мали заплени не треба да упатува на некаква организираност. Сепак, тоа треба да се прифати со резерва со оглед на диверзификацијата на наркокриминалот. Со други зборови отсуството на големи заплени не го исклучуваат постоењето на големи нарко-синдикати, иако запленитe покриваат мал дел од вкупната трговија. Под вакви околности, тоа значи дека, големите пратки се заштитени со корупција, а малите заплени ја рефлектираат само елиминацијата на слабата конкуренција.
Гледано пошироко, таму каде што има доволно податоци, можно е споредување на поединечните големи заплени со вкупниот број заплени на национално ниво. Доколку големината на запленитe во одреден транзитен систем се цени врз основа на големината на пратките, тоа треба да сугерира на вклученост на големи и добро опремени групи, затоа што помалите групи едноставно не можат да си дозволат пратки со толкава количина дрога. Од друга страна, ако дрогата е запленета во поголем број поединечни помали пратки, тоа упатува на мали шверцерски групи кои користат различни техники на криумчарење. Информациите од Европол[161] се дека, организираните криминални групи се сé похетерогени и со таква динамичка структура која сé повеќе користи мобилни мрежи наместо монолитна пирамидна хиерархиска поставеност.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното може да се констатира дека изразената трговија со дрога, од една страна, може да биде показател на недостиг ресурси погодни за забрана на недозволените дроги, а од друга страна, на присутноста и непреченото дејствување на организирани криминални елементи. Констатација е дека, одливот на дрога којашто се шверцува во Западна Европа преку Македонија е зголемен како резултат на употребата на еден пократок и подиректен линк, односно, како резултат на повторното заживување на кракот на традиционалниот "Балкански пат" (Софија- Димитровград-Белград-Западна Европа). Анализата на состојбите укажува, не само на зголемена илегална трговија со дроги преку Македонија, туку и на зголемена локална трговија и домашна употреба. Имено, во последните години, во Македонија, како земја на крајна дестинација на дрогите од природно потекло, е воспоставен национален нарко-пазар во кој доминира злоупотребата на дрогите од опиумски тип (се проценува дека годишно кај нас, се консумираат околу 300 кг хероин) и на дрогите од канабиноиден тип.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Лајман, Д.М., Потер, В.Г.,"Организиран криминал", Магор, Скопје, 2009
[2] Organized Crime in the Western Balkan", Departm of Political Scienc FSS MU, Faculty of Social Studies, Masaryk University, Czech Republic, 2008
[3] The threat from organized crime", Hague, EUROPOL, 2006
[4] Savona, E.U.,"Mafia Money Laundering versus Italian Legislation", European Journal on Criminal Policy and Research, September 1993
[5] EU Organized Crime Threat Assessment, EUROPOL, 2006

[161] EU Organized Crime Threat Assessment, EUROPOL, 2006